Акционерско друштво за изградба и
стопанисување со станбен простор и со
деловен простор од значење на Републиката
СКОПЈЕ

| Примено: 02-12-2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 6930/ | | |

# БАРАЊЕ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

**Од:** [redacted] – сосопственик на куќа и двор на ул. [redacted] Битола
[redacted] – сосопственик на куќа и двор на ул [redacted] Битола
[redacted] – сосопственик на куќа и сопственик на наследно право на двор на ул [redacted] Битола

*(Горенаведените се сосопственици заедно со Република Македонија на двор од куќа врз кој се наоѓа објект со кој стопанисува АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката (АДИССДП))*

**До:** Република Македонија преку АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката (АДИССДП) ул. „Орце Николов" бр. 138, 1000 Скопје

**Предмет**: Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер – Документација во врска со бесправното уништување на државен имот и Договорот за закуп на ул. „Широк Сокак" бр. 42А, Битола.

**Почитувани,**

Врз основа на:

- Член 2, 16, 18 и 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер
- Член 8 и 30 од Уставот на РСМ (право на имот, човекова безбедност)
- Законот за сопственост и други стварни права
- Законот за градење
- Закон за облигациони односи

Семејството [redacted] во својство на **сосопственици** на КП 11502, КО Битола 3, ИЛ 15592 каде е лоциран деловниот објект за кој Вашата институција склучила договор за закуп, бараме пристап до:

## Целокупна писмена кореспонденција

(писма, е-пошта, записници, изјави, интерни информации) меѓу АДИССДП и закупецот, во периодот од 11.08.2025 година(денот кога е поднесено барањето од страна на семејството [redacted] за раскинување на договорот за закуп помеѓу АДИССДП и закупецот) до денес, поврзана со деловниот простор на ул. „Широк Сокак" 42-А, вклучувајќи:

- одлуки, мислења и правни акти
- одлука за раскинување / нераскинување на договорот
- известувања до закупецот по наше барање за итно раскинување
- секој акт што се однесува на рушење на кровот или адаптации

---

## Доколку институцијата одлучи да одбие:

Бараме одбивањето да биде:

- во **писмена форма**
- со **точна законска основа**
- со **правно образложение**
- со **наведување на лицето/функцијата** што ја донела одлуката

---

## Рок:

Согласно член 21 од Законот — **20 дена од прием**

## Форма на доставување:

електронски на нашите е-пошти

---

Прилог: ИЛ 15592

---

☎ Телефон за контакт: Александар Димитровски 075 910 577

---

Со почит,

[redacted]

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

| наш знак | ваш знак | дата |
| --- | --- | --- |
| 03-6930/5 | | 11-12-2025 |

До:
[redacted]
Битола

**Предмет:** Доставување одговор по Барање информација согласно закокот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје

Врска: арх.бр 03-6930/1 од 02.12.2025 година

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр.101/2019)во прилог Ви се доставува Решение по бараната информација

Службено лице за посредување при остварување
на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер
во отсуство на службеното лице Елена Дранговска
Сања Јовановиќ Дамјановска

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

| наш знак | ваш знак | дата |
|---|---|---|
| 03-6930/4 | | |

Врз основа на член 20 и член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019) Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката- Скопје, а во врска со барањето арх.бр.03-6930/1 од 02.12.2025 година го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1.**Се прифаќа** барањето арх.бр. 03-6930/1 од 02.12.2025 година за пристап до информација од јавен карактер , а во врска со документација за државен имот и Договор за закуп на ул: Широк сокак бр: 42А Битола

2.Ова решение стапува на сила со денот на донесување

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во врска со Вашето барање наш арх.бр. 03-6930 /1 од 02.12.2025 година за пристап до Информации од јавен карактер, а во врска со документација за државен имот и Договор за закуп на ул: Широк сокак бр: 42А Битола

Согласно податоците на ПО Битола, ви го доставуваме следниот одговор:

Целокупната документација со која располагаме, а која се однесува на вашите барања за предметниот простор ви е испратена на ден 09.07.2025 година на е-маил:adv@yahoo.com и на адреса:ул: Филип II Македонски со архивски број 03-4191/13 и на ден 24.07.2025 година со архивски број 03-4520/3 од 24.07.2025 година на е- маил [redacted]a@gmail.com:

- Договор за закуп на деловен простор со бр: 11-953/3 од 28.09.2022 година со ОДУ бр: 261/2022 солемнизиран кај нотар Билјана Дамјановска Јанчевска
- Согласност за вршење промена во деловниот простор бр:11-2755/2 од 16.05.2025 година
- Согласност бр: 11-1992/2 од 08.04.2024 година
- Службена белешка за состојба на деловен простор на ул: М. Тито бр:42А бр:11-632/1 од 02.06.2025 година
- Известување до Бисера Комерц ДООЕЛ бр:11-431/8 од 03.06.2025 година
- Записник за примопредавање на деловен простор на ул: М. Тито бр:42А, со арх.број: 11-959/4 од 17.10.2022 година
- Имотен лист број 15592 КО Битола 3 од 01.02.2024 година

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

Во прилог ви го доставуваме Известувањето за раскин на Договор за закуп бр:11-895/5 од 03.11.2025 година,

Службено лице за посредување при остварување
на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер
во отсуство на службеното лице Елена Дранговска
Сања Јовановиќ Дамјановска